Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 86/1

_________ година

16 -01- 2023

Постапувајќи по претставка бр. 08-605/1 од 17.11.2022 година, поднесена од против Општина Кичево, за извршена дискриминација врз основа на раса и етничка припадност во областа на домувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 11.1.2023 година го донесе следното

## **МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на раса и етничка припадност во областа на домувањето од страна на Општина Кичево кон жителите на населбата Иванидол.

## **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под архивски број 08-605/1 на 17.11.2022 година, од за сторена дискриминација врз основа на раса и етничка припадност во областа на домувањето од страна на Општина Кичево.

Согласно наводите од претставката, градоначалникот на Општина Кичево донел Одобрение за градба бр. 10-156/2020 и Одобрение бр. 10-157/2020 со кои на инвеститорот Општина Кичево му се одобрува изградба на објект со намена А2 (социјални станови за Роми во Кичево), објект од втора категорија во населбата Иванидол, К.О. Кичево. Подносителот на претставката, во име на Иницијативниот одбор на месната заедница Иванидол, Кичево, тврди дека со доделените одобренија за градба на станбени згради наменети само за една етничка заедница, дискриминирани се останатите етнички заедници од Општина Кичево. Исто така се наведува дека постојат голем број граѓани од други етнички заедници на кои им се потребни вакви станови, но ниедно семејство од оние кои се социјално загрозени не е дел од овој вид колективно домување, токму поради етничката припадност.

Согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.11.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Известување за произнесување по наводите од претставката заведено под бр. 08-605/2 до Општина Кичево.

На ден 29.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на Известувањето за произнесување од страна на Општина Кичево. Во одговорот од Општината најпрво се вели дека наводите изнесени во претставката се неприфатливи и беспредметни, односно дека тврдењата изнесени не се веројатни согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па следствено на тоа немаат ни товар на докажување.

Понатаму, во одговорот се истакнува дека проектот „Програма за социјално домување на Роми во Кичево" е во рамки на програмата ЕУ за Роми и луѓе кои живеат во длабока сиромаштија, финансиран од Европската Унија, а имплементиран од Здружението „Центар за граѓанска иницијатива" - Прилеп. Целта на проектот е подобрување на условите за живеење на ромската

заедница во Кичево. Дополнително, во прилог на одговорот на претставката беше доставен и краток извештај за проектот со кој е предвидена изградбата на социјалните објекти. Меѓу другото, во него се наведува дека со реализација на проектот ќе биде решен станбениот проблем на најмалку 30 ромски семејства во Кичево.

При анализа на наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја зема предвид релевантната национална и меѓународна правна рамка. Во таа смисла, **правото на соодветно домување** е едно од основните човекови права загарантирано во бројни меѓународни конвенции, декларации и закони. Остварувањето на тоа право води кон остварување и на социјалните, економските и културните права. Конкретно, лошите услови во областа домување влијаат на пристапот на образование, здравствени услуги, вработување и други основни човекови права, кои мора да бидат достапни за секој поединец.

Во клучните прописи кои ја регулираат оваа материја спаѓа **Универзалната декларација за човекови права** која Република Северна Македонија ја има ратификувано, а во која е наведено дека „секој има право на животен стандард кој му обезбедува здравје и благосостојба, нему и на неговото семејство". Од домашната легислатива за домување на Република Северна Македонија, се издвојува **Законот за домување** кој го пропишува минималното и соодветно домување, ги уредува и можностите за непрофитно домување, домување под закуп и сл., кои се основа за достапно и безбедно домување.

**Со цел овозможување на еднакви можности на Ромите со другите граѓани во пристапот до овие права**, Република Северна Македонија ја усвои и **Декларацијата на земјите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во процесот на проширување на ЕУ** со која се обврза **да ги продолжи и да ги зајакне напорите за целосна еднаквост и интеграција на Ромите**, особено преку спроведување и следење на заедничките заклучоци од Семинарите за Роми во делот на образование, здравство, вработување, цивилна регистрација, недискриминација и домување.

Во контекст на горенаведеното, усвоена е и **Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030** на Република Северна Македонија, каде предвидено да се намали и елиминира социо-економскиот јаз меѓу Ромите и остатокот од не-ромското население во македонското општество, додека како стратешка цел предвидено е обезбедување на постојано, достоинствено и не-сегрегирано домување на Ромите. Оваа цел се конкретизира во делот од стратегијата посветен на домувањето, каде државата како специфична цел 3 (СПЗ) пропишува „Обезбедување на **трајно, пристојно, достапно и десегрегирано домување за Ромите кои моментално живеат во неформални населби** кои не можат да бидат легализирани од оправдани причини", што треба да се обезбеди меѓу другото и преку изградба на типски куќи. При анализа на постоечката ситуација, во Стратегијата се нотира дека во однос на домувањето, токму ваквите активности имаат придонес во подобрувањето на инфраструктурата во ромските населби.
Изградбата на ваков тип станови, како мерка на афирмативна акција е присутна одамна, што може да се посведочи и од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 каде како специфичен резултат се наведува „изградба на станбени згради и станбени единици изградени во областите каде што е населено загрозено ромско население".

Иако овој случај првично би можел да се квалифицира како дискриминација согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, сепак законодавецот предвидел исклучоци во членот 7 од законот.

Имено, во став 1 член 7 од законот се наведуваат мерки и дејствија што не претставуваат дискриминација: *„Нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се*

*преземаат* ***со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи*** *се додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни".*

Имено, како што се вели во Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Ромите како група со свои специфики кои често живеат во неразвиени или слабо развиени населби, се соочени со бројни предизвици во секојдневниот живот. Овие предизвици доведуваат до негативна перцепција кон Ромите од страна на неромските заедници, што доведува до дискриминација во различни области и низок квалитет на живот. Овие факти дополнително придонесуваат за помала посетеност на училиште, помала стапка на вработеност, пократок животен век, поголема смртност, повисока стапка на миграција, повисоко учество во неформалната економија.

Во согласност со ова, Комисијата оцени дека **конкретниот случај не може да се квалифицира како дискриминација**, од причина што изградбата на домовите претставува **мерка на афирмативна акција** која има за цел постигнување фактичка еднаквост на Ромите во Кичево, односно ефективно остварување на нивното право на еднакви можности во споредба со другите заедници.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека конкретниот случај припаѓа на исклучоците наведени во член 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што не се утврдува дискриминација врз жителите на населбата Иванидол врз основа на раса и етничка припадност во областа на домувањето..

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на домувањето од страна на Општина Кичево кон жителите на населба Иванидол.

Скопје
16.1.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Општина Кичево, ул. Борис Кидрич бр.1, 6254 Кичево